ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ
СУ-34/25
08.01.2025 година

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 2 и став 6 од Законот за судска служба,а во врска со член 22 и член 23 од Законот за работни односи,и Согласноста на Министерството за финансии бр.08-2354/3 од 31.12.2024 година,Основен суд Кочани на ден 08.01.2025 година,објавува:

ЈАВЕН ОГЛАС бр.1/25

За вработување на судски службеник-еден извршител на определено време до 31.03.2025 година за следното работно место:

**1.Судски референт-Дактилограф,категорија Г,ниво Г3, 1 (еден) извршител-шифра СУД0101Г03001**

Посебни услови-потребни стручни квалификации и компетенции:
-најмалку вишо или средно образование
-најмалку една година работно искуство во струката
-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и
-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на ЕУ (англиски,француски и германски).
Платата на судскиот службеник ќе изнесува:27.003 денари.

Покрај посебните услови,кандидатите потребно е да ги исполнуваат и следните општи услови:
-да е државјанин на Република Северна Македонија
-активно да го користи македонскиот јазик
-да е полнолетен
-да има општа здравствена способност за работното место
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казана забрана за вршење на професија,дејност или должност

Останати права и обврски:
Работни часа: 40 неделно
Работни денови: од понеделник до петок
Работно време од 07.30 до 15.30 часот
Дневна пауза: од 11.00 до 11.30 часот

Времетраење на работниот однос:определено до 31.03.2025 година.

Пополнетата пријава со докази за исполнување на општите и посебните услови во оригинал или копија заверана кај нотар,се доставуваат преку приемната писарница во судот или по пошта на адреса:Основен суд Кочани,ул.Никола Карев бр.4,Кочани,со назнака,,За јавен оглас бр.1/24,,.

Рокот за пријавување е 3 (три) работни дена по денот на последното објавување во дневен весник (без да се смета денот на објавување).

Ненавремена,нецелосна,неуредно пополнета пријава или пријава во која се внесени лажни податоци,нема да се разгледува.

Изборот ќе се изврши најдоцан во рок од 15 дена по истекот на рокот за пријавување.

ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ